# КОМФОР КОЈ СОЗДАВА ЛОЈАЛНИ ГОСТИ




На само 7 км. од Берово, на месноста наречена Лаки, на регионалниот пат Р-527 - Кочани-Виница-Берово-Клепало (граничен премин), се наоѓа Беровско езеро. Возејќи се по патот, со првото здогледување на Беровското езеро, на само 50 метри, од левата страна се наоѓаат Берово Хестиа апартманите кои се изградени 2012 година. Од самиот почеток Берово Хестиа апартманите почнаа со користење на Building Management System (BMS).

*Како сопственик и менаџер на мал хотел на почеток при проектирање и планирање на идејното решение за хотелот имав идеа што сакам во делот на автоматика.* ***Но, по средбата со стручните лица за БМС и автоматика од Кабтел и Мидел ми отворија поголеми видици што се може да се направи во делот на рационализација на трошоците и обезбедување на максимален комфор на гостите во хотелот****. Се пристапи кон целиот проект многу темелно од страна на тимот на БМС и автоматика и тие го водеа целиот проект без* ***ниедна грешка*** *и ден денес без* ***ниеден инцидент****. Максимално професионално беше извршена и фазата на тестирање која траеше доволно долго за да може да се истестираат и најекстремните ситуации кои може да се случат. – вели Тони Кантурски, сопстевник и менаџер на Берово Хестиа апартманите. Едноставно во секој поглед се почитуваше нашата желба и потреба од почеток до крај.*

Менаџерскиот тим на хотелот да има **комплетна контрола и надзор во работењето на хотелот**. Комплетната контрола на работењето се овозможува со генерирање на извештаи за соби и/или други простории. Извештајите се врз основа на корисник (гост, персонал, ...) време-период, температура, аларми, ... Ова е потребно за **анализа на менаџерскиот тим за работата на персоналот, штедење и комфор** во однос на температурата на собите и другите простории, потреба на гости и слично.



*БМС-от овозможува* ***да се планира заштедата уште во фазата на проектирање и е оптимална инвестиција за мали хотели****.* ***Системот е прегледен и лесен за користење****.* ***Овој систем ги менаџира најбитните функции во хотелското работење, тоа се штедење на енергија и контрола на работењето- различни типови на картички овозможуваат користење на различни ресурси според тип на картички*** *(пр. Персоналот за средување на собите нема право на користење греење, ладење, топла вода и електрично напојување во утичниците; гостот ги има сите привилегии; персоналот за контрола има право само на осветлување;...) Овие функции овозможуваат да се добијат индикатори во која насока може да се заштедува енергијата и како менаџер на хотелот имам целокупен надзор врз работењето преку локален пристап но може и преку интернет со PC, Tablet, Smartphone. Идеален е при планирање на загревање на просториите и овозможува да се има целосна контрола на температурата во издадените соби при тоа не намалувајќи го комфорот на гостите. Овој уред воедно заштедува и електрична енергија преку поставување на посебни утичници за полнење на батерии и стандардни утичници, како и рационализација на осветлувањето (соби и ходник).* ***Со имплементација на овој систем потрошувачката на енергија за греење падна на 1/3 и се воспоставува целосна контрола на работењето во хотелот на персоналот, но и на потребите на гостите. Гостите го чувствуваат комфорот и немаме поплаки, но затоа имаме лојални клиенти****.*

*Сакам да искажам голема благодарност кон тимот на БМС и автоматика за својот максимално професионален однос, темелната проценка на нашите барања кои во целост беа исполнети, за навремената реализација на проектот. Тимот на БМС и автоматика ги препорачувам на секој на кој има потреба од БМС и автоматика.*

***И сметам дека системот е финансиски исплатлив дури и за мали системи доколку се работи за средни и големи хотели придобивките би биле уште поголеми. - потенцира г.Кантурски****.*

E-mail: Hestia@berovohestia.mk
W: http://www.berovohestia.mk/

Тони Кантурски
Управител на Берово Хестиа апартманите